# TEN BARELS SYRAH
# Reserva 2017




Ова суво црвено вино е добиено од истоимената сорта на грозје Syrah, од сопствените насади на винарија Камник. Посебноста на ова вино произлегува од двојната редукција на приносот на грозје, што резултира во парцијално дехидрирање на гроздовите на самата лоза и добивање фенолно зрело грозје. Виното се одликува со интензивна рубин црвена боја, висок екстракт и потенцијал за созревање. Букето изобилува со ароми на црвено и црно ситно зрнесто овошје, надополнети со цветни поттонови што се истакнува преку винификација со 2% Viognier грозје. Комплексноста на ова вино се должи на 17-месечното одлежување во нови буриња од американски и француски даб, што допринесува за добивање дискретни зачински тонови на каранфилче, надополнети со мирис на мока кафе, ванила и сладок корен. Вкусот е елегантен и полн, со одлична структура, меки и кадифени танини и добро интегрирани дабови ароми со долготраен послевкус. Ова вино има капацитет на повеќегодишно созревање во шише.

Виното се служи на температура од 15-18°C, во комбинација со разни видови месо, особено дивеч во пикантен сос.

**Алкохол**: 15.9% Vol.

**Полнето**: Јуни 2019

**Награди:** Balkan International Wine Competition, Бугарија 2019 – **Златен медал**
Mundus Vini Spring, Германија 2020 – **Златен медал**
Syrah Du Monde, Франција 2020 – **Златен медал**